Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран

**ИЗДАВАЧ:**
***УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП***
***ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА***

**ПОКРОВИТЕЛ:**
***Г-ДИН ГЛИГОР ЧАБУЛЕВ,***
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН**

***ЗА ИЗДАВАЧОТ*:**
**ДОЦ. Д-Р. НАКО ТАШКОВ,** ***ДЕКАН НА ФТБЛ - ГЕВГЕЛИЈА***

***РЕДАКЦИЈА*:**
**ДОЦ. Д-Р. НАКО ТАШКОВ,** ***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
**ДОЦ.Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ,** ***ОДГОВОРЕН УРЕДИК***
**ДОЦ.Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ,** ***ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР***
**Д-Р. ТАЊА АНГЕЛКОВА,** ***ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР***
**ДОЦ.Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА,** ***ЧЛЕН***
**ДАНЧЕ ГАВРИЛОВСКА - АТАНАСОВСКА,** ***ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА***

**ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР:**
ДОЦ. Д-Р НАКО ТАШКОВ, ДЕКАН, *ПРЕТСЕДАТЕЛ*
ДОЦ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ, ПРОДЕКАН, *СЕКРЕТАР*
ДОЦ. Д-Р ЗЛАТКО ЈАКОВЛЕВ
ДОЦ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ
ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА
ДОЦ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА
ДОЦ. Д-Р ДРАШКО АТАНАСОСКИ
МАГДАЛЕНА КРЕЧЕВА, ОПШТИНА ДОЈРАН
АНДРЕЈ АНГЕЛОВСКИ, ОПШТИНА ДОЈРАН

**СЕКРЕТАРИЈАТ:**
М-Р ТАЊА АНГЕЛКОВА,
М-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ,
М-Р ДУШИЦА САНЕВА,
М-Р ТАТЈАНА ЏАЛЕВА,
М-Р НАТАША КОЛЕВСКА,
М-Р ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ,
М-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ,
М-Р СНЕЖАНА ДАГАЛЕВА,
М-Р ВЛАДИМИР КИТАНОВ
М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ,
М-Р АНЕТА СТОЈАНОВА

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.......................................................................................................7

**Проф. д-р Благоја Маркоски**

Дојранска Котлина.......................................................................................9

**Проф. д-р Марија Ацковска, Доц. д-р Неда Петровска**

Потенцијани извори на финансирање на туризмот во Дојранскиот регион...15

Проф. д-р **Гордана Панова**

Лековитоста на Дојранското Езеро.........................................................21

**Проф. д-р Ристе Темјановски**

Подобрување на патната инфраструктира во регионот на Дојранското Езеро за поттикнување на поинтензивен туристички развој.........................................27

**Доц. д-р Рубин Земон**

Популаризацација на антрополшките вредности на Дојранскиот регион како можност за развој на туризмот.....................................................................39

**Доц. д-р Виолета Мацова**

Средствата на ИПАРД во функција на поттикнување на туризмот во Дојран...........................................................................................................53

**Доц. д-р Маргарита Матлиевска**

Осврт на проектот „Спас на Дојранското Езеро“..........................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Цалева**
Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран..........................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**
Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**
Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро.............................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**
Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**
Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот.............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**
Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.......................................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**
Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**
Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион.............................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран....................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)....................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион....................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран....................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран....................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран....................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион........................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион........................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион........................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза........................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ……………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Проф. д-р Гордана ПАНОВА**[9]

# ЛЕКОВИТОСТА НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Сегашното Дојранско Езеро е остаток од некогашно Пеонско Езеро (познато уште и како Стримонско Езеро) и припаѓа на т.н. Пајонска група на природни балкански езера. Врз основа на современите научно - стручни податоци за генезата и развојот на Дојранското Езеро може да се изведе општ заклучок дека тоа е типично еутрофно езеро од времето на плиоценот, значи со старост која се цени на повеќе милиони години. Во согласност со Рамсар Конвенцијата за класификација на водните системи, езерото е карактеризирано како континентално, перманентно надополнувано со свежа вода.



Дојранското Езеро е лоцирано на границата помеѓу Република Грција и Република Македонија. Сливот на Дојранското Езеро покрива површина од 270 км2, од кои на Република Македонија и припаѓаат 88,03 км2 (32,6%) а на Република Грција 181,97 км2 (67,4%). Самото езеро има елипсоидна форма со обем од 26,2 км од кои на македонска

[9] Факултет за Медицински науки, Универзитет„Гоце Делчев‘‘-Штип

страна и припаѓа 14,80 км (56,49%), а на грчката страна 11,40 км (43,51%), при ниво на водата од 140 метри (грчката страна релативна кота од 146,66 метри) има површина од 42,5 км2 и зафатнина од 289,61 милиони м3 вода. 62,54% од површината на езерото, односно 26,58 км2 и припаѓа на РМ, а 37,46% односно 15,92 км2 на Грција. Должината на езерото е 8,9 км, а најголемата широчина е 7,1 км. Просечна длабочина е 6,7 метри а најголемата е околу 10 метри. Оперирајќи со метрите надморска височина, односно котите 160 и 148 метри (висинска разлика меѓу некогашната и сегашната линија на брегот) впечатлива е висинската разлика од 12 метри. Висинската разлика од 12 метри, во смисла на симнувањето на езерото низ минатото е одраз на неговата еутрофичност, односно природно еволутивно стареење. Интересно е што за симнување на нивото на езерото за околу 7 метри (од 160 на 153 метри) биле потребни милиони години, а загрижувачки е што од прокопувањето на каналот Ѓолај (1808 година) односно за неполни 200 години (од 1808 до 1988 година) забележано е симнување на неговото ниво за цели 5 метри. Најголеми намалувања на волуменот се забележани во 1956/ 57 и 1988/ 89 година, и во двата случаи поради енормни испуштања на вода преку каналот Ѓолај. Од 1988 – 2000 година нивото на езерото постојано се намалува и ја достигнува најниската точка од – 3,88 метри под нултата точка. Заедно со загубениот воден столб од 2,4 метри над нултата точка произлегува дека водниот столб на езерото се намалил за 6,28 метри. Последните неколку години со изградба на системот за полнење на езерото и поповолната хидролошка состојба нивото на езерото е покачено за околу 1,80 метри од апсолутниот минимум.

Дојранското Езеро е еутрофно езеро, заради големата продукција на органска материја. Животинскиот свет е претставен од без'рбетници (праживотни-едноклеточни животни, сунгери, црви, мекотели, членконоги, инсекти и др), како и претставници од 'рбетниците (риби, водоземци, влекачи, птици и цицачи).

Во Дојранското Езеро регистрирани се 12 фаунистички ендемити. Од 15 видови риби, 1 вид претставува локален ендемит. Некои без'рбетници (посебно вилинските коњчиња) и неколку видови птици, се наоѓаат на листата на CORINE. Дојранското Езеро е познато по традиционалниот начин на ловење риби со помош на птици во огради од трска, т.н. мандри. Дојран има големи потенцијали.

Микро-климата и благодетите на водата во езерото влијаат позитивно врз низа хронични белодробни, кожени, ревматски и

заболувања на крајниците. Можностите овој регион да прерасне во здравствено-рекративен центар се реалност.



Август е идеално време за одмор во Дојран.Овде многу семејства доаѓаат да побарат здравје.Започнувајки од **белиот песок-зеолит,топлата вода,алгите и калта.**

Белиот песок-зеолит е лек за нокти,коски и кожни заболувања.Во Август **водата е најтопла**, тогаш почнуваат да цутат **алгите**. Од нив испарува јод, што е одличен лек за подобрување на имунитетот, за лекување настинки и проблеми со дишењето.Покрај лековитоста на алгите,голема е лековитоста и дејството на **калта** од езерото, за лекување на проблеми на коскено-мускулниот систем. Чудна и навидум непријатна, но толку уникатна мешавина на мириси, не може да се почувствува на ниту едно друго место на светот. Единствено се доживува и вдишува токму на брегот на Дојранско Езеро.Оној ист мирис кој го прави Дојран посебен. Езерската вода е жешка, зелена и матна. Кога влегувате во неа ја чувствувате тињата под стапалата. Гледате кон езерото, а оттаму непрестано кон брегот надоаѓа пена, која ви личи на пена од сапуница. Кога го доживувате сето ова, и кога, згора на тоа го вдишувате мирисот на алгите, имате чувство дека се наоѓате среде мочуриште. Но, тоа е поради цветањето на алгите во езерото. Пената ја произведува токму нивниот цвет,значи таа е сосема природна. Според експертите, **калта** има способност да го извлече сето тоа што е негативно во телото и во кожата. Според некои научни испитувања , дојранската кал е лековита зашто во неа има многу состојки и екстракти од растенијата што се распаѓаат во водата како и од алгата која содржи големо количество јод и токму во овој период од годината почнува да се распаѓа. Се верува дека дојранската кал е далеку поквалитетна од калта во Црното Море, која се користи за терапевтски

третмани. Таа е многу богата со минерали кои благопријатно дејствува на кожата, но и на ревматичните заболувања. А на времето не било замисливо рибарите да одат на лов без да се намачкаат со кал.





**Структурата** е всушност кристална решетка која и дава способност да складира енергија и истата во одредени услови да ја ослободи. Натаму, калта ја врзува влагата неколку пати повеќе од сопствената маса. Има голем топлотен капацитет, голема топлотна спроводливост и голем степен на задржување на топлина.

**Според хемискиот состав**, таа содржи силициум, алуминиум, титан, железо, калциум, магнезиум... Елементарните минерали се катализатори кои ги забрзуваат хемиските реакции што го поттикнуваат метаболизмот.Исто така, калта го впива статичкиот електрицитет и врши детоксикација на радиоактивните нуклеотиди.

**За дејството:**

Пред се, калтата дејствува врз нивото на ќелиите односно продира во телото низ ќелиските мембрани. Таа успешно дејствува и врз најпознатата ќелиска пумпа во организмот- натриумовата и калиумовата, и тоа со забрзување на нејзината функција што, всушност, значи забрзување на метаболизмот.Честичките на калтата се помали од многу бактерии, така што е и одличен антисептик.

**Употреба:**

Калта најмногу може да се користи во физикалната медицина, за надворешна употреба, при што се аплицираат облози на целото тело или парцијално- на делови од него. за употреба на калта според патологија: ревматоиден артритис, Бехтеревлева болест, артроза, гихт, спондилоза, миофиброзити, тендинити, перинеурити, трауми, спортски повреди, дископатија, дискус хернија, брахијалгија, лумбоишијалгија, лумбарен синдром. Калта може да се користи и во лечење на кожни заболувања. Со неа се третираат: шуга, изгореници, чиреви, екцеми, акни, псоријаза, дерматози, дисебороичен дерматитис, каснувања на инсекти. Освен тоа, таа е непропустлива за УВ зраците, што значи дека е добра заштита од сонцето.

**Медицинска препорака**

Многу медицински лица како постоперативна рехабилитација препорачуваат лето на Дојранското езеро. Го препорачуваат Дојран како место идеално за постоперативен престој на пациентите, за лица што страдаат од болести на респираторните органи, но и од ревма и ишијас. Некои лекот го нашле во езерската вода, а некои и во езерската кал.

Овде со подолг престој, со капење и мачкање со кал, луѓе станувале и

од количка, откако по тешки сообраќајки имале проблеми со долните екстремитети.





Со минимални инвестиции и добра приказна, Дојран може да стане атрактивна туристичка дестинација. Дојранското Езеро и неговата околина нудат многу потенцијали.